СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

# ОДЛУКА

**за усвојување на Годишната сметка
на Стопанска банка а.д. Битола на 31.12.2017 година**

**Битола, април 2018 година**

Врз основа на член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола НО бр.02-12149/1/I-2 од 13.6.2017 година, Собранието на Стопанска банка а.д. Битола на својата 41. седница одржана на 25.4.2018 година донесе:

# ОДЛУКА
## за усвојување на Годишната сметка на Стопанска банка а.д. Битола на 31.12.2017 година

### Член 1

Се усвојува Годишната сметка на Стопанска банка а.д. Битола за 2017 година со следните биланси:

- Биланс на состојба на 31.12.2017 година и
- Биланс на успех од 1.1 до 31.12.2017 година.

### Член 2

Во Билансот на состојба се искажани следните состојби:

- Вкупна актива 11.073.857.626,00 денари
- Вкупна пасива 11.073.857.626,00 денари.

### Член 3

Во Билансот на успех за утврдување на добивката вкупните приходи и расходи изнесуваат:

- Приходи 673.777.409,00 денари
- Расходи 627.402.437,00 денари
- Бруто-добивка 46.374.972,00 денари.

### Член 4

Остварената бруто-добивка изнесува 46.374.972,00 денари и се состои од:

- Данок на добивка 3.361.681,00 денари
- Нето-добивка 43.013.291,00 денари.

### Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

СО бр.02-8525/1/II-5
Битола, 25.4.2018 година

Стопанска банка а.д. Битола
Собрание на акционери
претседавач

БИТОЛА

## Биланс на состојба
## на ден 31.12.2017 година

| Ред. Бр. | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | Парични средства и сметки кај банки | 140 | 2.978.203.891,00 | 2.786.376.743,00 |
| 2 | Вложувања во должнички хартии од вредност кои може да се користат за рефинансирање во НБРМ | 141 | 695.204.870,00 | 710.359.846,00 |
| 3 | Кредити на и побарувања од банки | 145 | 0,00 | 0,00 |
| 4 | Кредити на и побарувања од други комитенти | 150 | 6.101.625.383,00 | 6.733.935.760,00 |
| 5 | Должнички хартии од вредност | 154 | 128.284.393,00 | 271.533.906,00 |
| 6 | Вложувања во сопственички инструменти | 159 | 25.393.571,00 | 25.394.037,00 |
| 7 | Нематеријални средства | 169 | 32.272.017,00 | 40.471.972,00 |
| 8 | Материјални средства | 175 | 460.973.940,00 | 417.762.979,00 |
| 9 | Останати средства | 179 | 147.959.238,00 | 77.505.608,00 |
| 10 | Одложени приходи и однапред платен трошоци | 193 | 10.632.316,00 | 10.516.775,00 |
| **11** | **ВКУПНА АКТИВА** | **194** | **10.580.549.619,00** | **11.073.857.626,00** |
| 12 | 0бврски кон банки | 196 | 1.357.971.735,00 | 1.364.576.243,00 |
| 13 | Обврски кон други комитенти | 202 | 7.813.122.139,00 | 8.288.211.126,00 |
| 14 | Останати обврски | 213 | 60.595.452,00 | 67.798.421,00 |
| 15 | Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 222 | 36.223.527,00 | 7.723.796,00 |
| 16 | Резервирање за ризици и обврски | 223 | 5.134.598,00 | 8.150.712,00 |
| 17 | Запишан капитал | 229 | 1.172.931.000,00 | 1.172.931.000,00 |
| 18 | Премии на акции | 230 | 645.000,00 | 645.000,00 |
| 19 | Законски резерви | 232 | 69.985.330,00 | 100.051.900,00 |
| 20 | Ревалоризациски резерви | 235 | 33.874.268,00 | 20.756.137,00 |
| 21 | Добивка за финансиската година | 236 | 30.066.570,00 | 43.013.291,00 |
| 22 | Загуба за финансиската година | 237 | 0,00 | 0,00 |
| 23 | Пренесена загуба | 238 | 0,00 | 0,00 |
| **24** | **ВКУПНА ПАСИВА** | **241** | **10.580.549.619,00** | **11.073.857.626,00** |
| 25 | Вонбилансна евиденција-актива | 242 | 17.125.106.213,00 | 18.028.610.166,00 |
| 26 | Вонбилансна евиденција-пасива | 243 | 17.125.106.213,00 | 18.028.610.166,00 |

## Биланс на успех
## за период од 1.1. до 31.12.2017 година

| Ред. Бр. | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | Приходи од камати | 1 | 434.394.492,00 | 460.257.218,00 |
| 2 | Расходи за камата | 2 | 137.376.457,00 | 144.207.612,00 |
| 3 | Приходи од провизии и надомести | 3 | 129.308.839,00 | 144.702.693,00 |
| 4 | Расходи за провизии и надомести | 4 | 38.860.556,00 | 45.880.008,00 |
| 5 | Нето добивка од трансакции со хартии од вредност | 6 | 6.866.895,00 | 11.039.244,00 |
| 6 | Нето добивка од курсни разлики | 8 | 24.499.527,00 | 23.161.676,00 |
| 7 | Останати приходи од дејноста | 10 | 51.469.792,00 | 34.616.578,00 |
| 8 | Трошоци за вработените | 11 | 185.996.457,00 | 180.469.170,00 |
| 9 | Амортизација на нематеријални средства и материјални средства | 15 | 33.616.382,00 | 39.292.951,00 |
| 10 | Исправка на вредност на нематеријални и материјални средства | 16 | 13.491.373,00 | 2.927.397,00 |
| 11 | Исправка на вредност, посебна резерва и резервирање | 17 | 39.996.126,00 | 33.571.185,00 |
| 12 | Останати расходи од дејноста | 22 | 161.853.239,00 | 181.054.114,00 |
| **13** | **Добивка од редовно работење** | **23** | **35.348.955,00** | **46.374.972,00** |
| 14 | Загуба од редовно работење | 24 | 0,00 | 0,00 |
| **15** | **Данок од добивка** | **29** | **5.282.385,00** | **3.361.681,00** |
| **16** | **Добивка за финансиската година** | **30** | **30.066.570,00** | **43.013.291,00** |
| 17 | Загуба за финансиската година | 31 | 0,00 | 0,00 |

## Образложение
## кон Одлуката за усвојување на Годишната сметка на Стопанска банка а.д. Битола за 2017 година

Годишната сметка за 2017 година Банката ја изготви во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, прифатени и применливи во Република Македонија („Сл. весник на РМ“ бр. 94/04, 11/05 и 116/05). Одредбите на Законот за трговските друштва, во однос на водење на сметководството, распоредување на трговците, трговските книги и годишните сметки соодветно се применуваат и на банките.

Изготвувањето на годишната сметка по завршувањето на деловната година претставува обврска на менаџментот на банката.

Во согласност со член 477 став 4 од Законот за трговските друштва („Сл. весник на РМ“ бр. 28/04; 84/05; 71/06; 25/07; 87/08; 17/09; 23/09; 42/10; 48/10; 8/11; 21/11; 24/11; 166/12; 70/13; 119/13; 120/13; 187/13; 38/14; 41/14; 138/14), рокот за изготвување на годишната сметка не може да биде подолг од два месеци по истекот на годината.

Годишната сметка се доставува до:

- Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар по електронски пат.

Годишната сметка ја сочинуваат пропишани обрасци чија содржина претставува резултат од сметководствената евиденција во текот на деловната година.

Пристапувајќи кон изготвување на годишната сметка, треба да се има предвид дека нејзиното составување не е само формална законска обврска, туку значајна управувачка информација за сопствениците (акционерите), за инвеститорите, заемодавачите, добавувачите, другите банки, статистичките органи, НБРМ и се разбира и за органот на јавни приходи.

Законот за трговските друштва претставува основен пропис според кој Банката е должна да ги составува, ревидира, јавно објавува и да ги предочува на акционерите своите финансиски извештаи.

Годишна сметка се составува во согласност со начелата на уредно и правилно водено сметководство.

Банката изготвува Биланс на состојба и Биланс на успех, со кои ги утврдува средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите за пресметковниот период (јануари - декември), како и утврдува добивка или загуба.

Надзорниот одбор на Банката на својата редовна седница одржана на 28.2.2018 година донесе Одлука за одобрување на Годишната сметка за 2017 година на Стопанска банка а.д. Битола.

Имајќи го предвид изнесеното, се предлага Собранието на Банката да ја усвои предложената одлука.

НО бр. 02-4283/1/I-10
Битола, 28.2.2018 година

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор
претседател
г. Ненад Јосифовиќ

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 4